Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 275/6306
17.07.2018 год.
Скопје

16.07.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јули 2018 година, врз основа на примена жалба од проф.д-р Башким Идризи, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Телевизија „Алсат-М“ со прилогот насловен „UNT-ja probleme edhe në organet e brendshme“ (УМТ има проблеми во внатрешните органи) го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 17 јуни и 5 јули 2018 година, проф.д-р Башким Идризи, поднесе жалби за три прилози, насловени „UNT-ja probleme edhe në organet e brendshme“ (УМТ има проблеми со внатрешните органи), „Inspektori i arsimit vërteton parregullsitë në UNT“ (Образовниот инспектор ги потврдува нерегуларностите во УМТ) и „Parregullsitë në UNT, Pollozhani nuk prononcohet“ (Нерегуларности во УМТ, Положани не се изјаснува ), објавени на 15, 16 и 19 јуни 2018 година, на Телевизија Алсат-М (www.alsat-m.tv).

Во жалбата се наведува дека прилозите се еднострани, немаат втора страна, содржат неточно и нефер известување, невистинити информации, дискриминација, клевета и го прекршуваат правилото на презумпција на невиност и заштита на сведоци.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*„Јас не сум ВД Декан на ФНА-УМТ и никогаш не сум бил. Нема правосилна одлука во согласност со Законот за административна процедура, која може да ги потврди интенциите на новинарот за незаконитост на моето избирање“*, вели подносителот на жалбата во забелешките кои се однесуваат на првиот оспорен прилог.

Во жалбата која се однесува на вториот прилог, насловен „Inspektori i arsimit vërteton parregullsitë në UNT“ (Образовниот инспектор ги потврдува нерегуларностите во УМТ), Идризи вели дека новинарката известувала тенденциозно и со „искривување на информациите“, зашто, како што наведува, објавениот текст не соодветствувал со содржината на СМС пораките кои и‘ ги испратил.

*„Таа ме контактираше преку порака на мобилен со следниот текст: “Кога ќе ја добиете, контактирајте ме, во врска со вчерашната реакција“ и мојот одговор беше „Со вас може да дискутираме откако ќе ја поправите грешката“*, посочува Идризи во жалбата.

Во жалбата која се однесува на третиот прилог на Алсат-М, насловен „Parregullsitë në UNT, Pollozhani nuk prononcohet“ (Нерегуларности во УМТ, Положани не дава изјава), жалителот реагира на неколку наводи, меѓу кои и на информацијата во која медиумот наведува дека проф.д-р Идризи ја обжалил одлуката на Просветниот инспекторат пред Управниот суд во врска со својот универзитетски статус, но оти неговите жалби биле отфрлени како неосновани.

*„Новинарката не посочува прецизно за каков предмет се работи, туку паушално известува, од што гледачите мислат дека јас сум обжалил одлука на Инспекторатот, а која се однесува на мојот статус во УМТ. Во јануари 2016 година бев вработен на Тетовскиот Универзитет, додека УМТ тогаш не постоеше“*, појаснува Идризи во наводите на жалбата.

Подносителот на жалбата, меѓу другото, наведува дека од „Алсат-М“ побарал јавно извинување, но оти од медиумот, ваквото барање било пренесено во форма на реакција.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија Алсат-М и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Уредникот Адмир Ќосе одговори на наводите на жалителот.

Ќосе смета дека жалбата на професорот Башким Идризи е неоснована. Тој појаснува дека Алсат-М веста ја заснова на свои извори од Инспекторатот за образование, во која се наведува дека професорот предавал на Универзитетот „Мајка Тереза“ без соодветно звање,

бидејќи звањето му било одземено претходно од Државниот Универзитет во Тетово, за што медиумиот поседувал и документи.

*„Фактот дека професорот Башким Идризи нема звање, исто така, го призна и ректорот Азиз Положани во неговата подоцнежна изјава, во рамките на нашето новинарско истражување. Положани наведува дека „барањето на Инспекторатот било нецелосно, а не се основа на правосилна одлука. Не можев да донесам одлука без документи, но морав да изберам помеѓу ризикот која страна ќе ме тужи“. Со ова, Положани не го негира недостатокот на звање, напротив, го легитимира фактот дека му дозволил на професорот без звање да предава на овој универзитет“*, наведуваат од „Алсат-М“ во одговорот.

Од „Алсат-М“, меѓу другото, потенцираат и дека, еден месец пред да биде објавена веста, побарале одговори на неколку прашања од Универзитетот „Мајка Тереза“, вклучително и прашање за ангажманот на Идризи, од каде им одговориле дека Идризи од матичната комисија бил избран за вонреден професор во студиската програма за геодезија.

Од „Алсат-М“, исто така, сметаат дека, со дека барањето за јавно извинување, професорот Идризи врши притискот врз медиумот и врз слободата на новинарите.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата за првиот прилог „UNT-ja probleme edhe në organet e brendshme“ (УМТ има проблеми со внатрешните органи) е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

Во однос на втората и третата претставка, кои се однесуваат на прилозите „Inspektori i arsimit vërteton parregullsitë në UNT“ (Образовниот инспектор ги потврдува нерегуларностите во УМТ) и „Parregullsitë në UNT, Pollozhani nuk prononcohet“ (Нерегуларности во УМТ, Положани не се изјаснува), Комисијата најде дека овие жалби се **НЕОСНОВАНИ** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јули 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзина надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека прилогот произлегува од јавниот интерес, а изборот на фактите во новинарскиот производ обезбедува објективна информација и согледување на повеќе аспекти на темата. Комисијата се согласи дека и државните високообразовни институции, во случајов, Универзитетот „Мајка Тереза“ се легитимна новинарска цел и не смеат да бидат иземени од теми за кои јавноста има право да биде информирана. Се работи за обемен истражувачки серијал од текстови, кои се надополнуваат во вест во низа, а авторот користи неколку извори на информации.

И покрај тоа што, во најголем дел, текстовите се професионални и етички, сепак, Комисијата најде дека авторот во првиот прилог „UNT-ja probleme edhe në organet e brendshme“ (УМТ има проблеми со внатрешните органи), отстапил од основното новинарско правило да побара став од сите засегнати страни, во случајов и од подносителот на жалбата, Башким Идризи, чиј универзитетски статус е предмет во истражувањето. Со тоа, медиумот го прекрши членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој се издвојува следниот пасус од текстот:

***„Извори од Алсат велат дека незаконит е и изборот на Башким Идризи како нередовен професор во УМТ, кој исто така, е на позицијата В.Д. декан. Нерегуларностите се регистрирани и во критериумите во изборот на академскиот кадар во соодветни области“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати страни во текстот да го кажат својот став. Ова, особено, во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Ова, уште повеќе, ако се се земе предвид информацијата дека Телевизијата „Алсат-М“, еден месец пред објавувањето на прилозите, побарала став од Унивезитетот „Мајка Тереза“ за прашања поврзани со темата, податок, што авторот требало, но не го навел во првиот прилог. На тој начин, авторот на оспорениот новинарски производ, значително ќе ја намалел одговорноста за морална осуда за прекршување на професионалните стандарди.

Критичкото следење на настаните од јавен интерес се меѓу главните задачи на новинарите, но тоа секогаш треба да биде во согласност со новинарските начела.

* * *

Во однос на останатите два оспорени прилога, објавени на 16 и 19 јуни, **Комисијата не најде прекршување на Кодексот на новинарите**, а со тоа, и на етичките и професионални стандарди. Авторот, по објавувањето на првиот прилог, се обидува и успева да стапи во контакт со професорот Башким Идризи. Со тоа медиумот и` дал можност и на другата страна да го каже својот став (преку СМС порака), без разлика што по комуникацијата со професорот новинарот не ги добил посакуваните одговори.

Новинарот во овие текстови наведува неколку извори на информации, вклучително и од Инспекторатот за образование, врз кој ги темели најголем дел од информациите. Контактиран е и Универзитет „Мајка Тереза“ и ректорот на Универзитетот, од кого е побарано и интервју.

Комисијата утврди дека овие два текста се етички и професионални и не најде елементи на клевета и на неточни и нефер информации, на што забележува жалителот.

Членовите на Комисијата, меѓу другото, оценија дека барањето за извинување на професорот Идризи не е и не може да се смета како барање за објавување демант или како реакција. Извинувањето е одлука на уредувачкиот тим на самиот медиум, а Комисијата нема надлежност да утврдува дали и кога медиумите треба да објават извинување.

Комисијата, најпосле, нотира дека во овој случај и` беше доставена обемна документација и писмени материјали од двете страни (и од подносителот на жалбата и од медиумот), кои во целост не можевме да ги објавиме поради ограничениот простор, предвиден за одлуката.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „Алсат-М“ (www.alsat-m.tv), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595